# ЛИСТА ЗА СЛОБОДНИ ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ ЗА УЧЕБНА 2025/26 ГОДИНА

Во согласност со Концепцијата за деветгодишно основно образование издадена од МОН и БРО и Водичот за слободни изборни предмети во основното образование издаден од БРО, ООУ „Браќа Миладиновци“ с. Миладиновци на учениците од вториот и третиот период, односно IV, V, VI , VII и VIII одделение, ќе им понуди предлог Листа од изборни предмети за учебната 2025/26 година.

На почетокот на месец септември 2025 година, учениците од вториот и третиот период (IV-VIII одд.) со поддршка на родителот, старателот од листата на изборни предмети треба да ги избере предметите што ќе ги изучува во тековната учебна година ( еден за првото и друг за второто полугодие). Изборот го прави на тој начин што заокружува предмети од различни категории.

Доколку нема доволен број заинтересирани ученици за формирање група за предметите кои се избрани или пак доколку училиштето не може да обезбеди соодветни просторни услови за реализација на конкретен изборен предмет ќе треба ученикот повторно да избере нов предмет од понудените предмети.

Напомена :
Предметите што ученикот ќе ги избере за тековната учебна година мора да биде од различни категории. Исто така во текот на еден образовен период ученикот не може два пати да ибере ист предмет, освен ако не се работи за предмет од иста област кои се на различно ниво.
За учебната 2025/26 година на учениците ќе им бидат понудени преку анкета следните изборни предмети според категориите:

**1 категорија: Изборни предмети за проширување/продлабочување на знаењата**

- МУЗИЧКИ ЖАНРОВИ
- ЕДУКАЦИЈА ЗА ОДРЖЛИВА ИДНИНА
- ЦРТАЊЕ, СЛИКАЊЕ И ВАЈАРСТВО
- ПОЕЗИЈА
- ИМАМ ПРАВА
- ВСЕЛЕНА И СОНЧЕВ СИСТЕМ

**2 категорија: изборни предмети за поддршка на интересите на учениците кои не се дел од наставните програми**

- МОДЕЛАРСТВО, КРЕАТИВНИ ИДЕИ - НАПРАВИ САМ
- ФОТОГРАФИЈА
- УЧЕЊЕ НАРОДНИ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ ПРЕКУ ИГРА
- ВОСПИТУВАЊЕ ПРЕКУ ПАРАБОЛИТЕ, МУДРИТЕ ИЗРЕКИ И ПРИКАЗНИТЕ
- ГОТВЕЊЕ

**3 категорија: Изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој**

- СПРАВУВАЊЕ СО ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ
- МОРАЛ И ЕТИЧКИ ВРЕДНОСТИ
- РАЗРЕШУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ
- МУЛТИКУЛТУРНИ РАБОТИЛНИЦИ
- УЧАМ ЗА МОЕТО ЗДРАВЈЕ

**4 категорија: Изборни предмети од спортско-рекреативен карактер**

- ВЕЛОСИПЕДИЗАМ
- ПЛАНИНАРЕЊЕ
- ЈОГА
- ФУДБАЛ
- РАКОМЕТ

ДИРЕКТОР

ДАРКО ПЕТКОВСКИ